**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-72/7**
**Скопје, 21.03.2023 година**

Записник од седумдесет и шеста седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 21.03.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и шестата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 75 (седумдесет и петта) седница на Советот.
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во OJO Куманово, поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Сузана Кусигерска.
3. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во OJO Дебар, поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Петко Василевски.
4. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител во JOPCM, поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител Ацо Колевски.
5. Донесување на одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидати јавни обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ за целата територија на РСМ.
6. Донесување на одлука за формирање на Комисија за спроведување на избори за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од кандидатска листа за избор на кандидати јавни обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ за целата територија на РСМ.

7. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2022 година.
8. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 76-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 75 (седумдесет и петтата) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, дека јавниот обвинител во ОЈО Куманово г-ѓа Сузана Кусигерска на ден 28.03.2023 година, ги исполнува условите за старосна пензија, со што Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Куманово.

Едногласно од страна на членовите на Советот беше одлучено Советот да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Куманово за јавниот обвинител Сузана Кусигерска.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Куманово, за јавниот обвинител Сузана Кусигерска заклучно со 28.03.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст.**

Под точка три од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, дека јавниот обвинител во ОЈО Дебар г-дин Петко Василевски на ден 30.03.2023 година, ги исполнува условите за старосна пензија, со што Советот треба да донесе одлука и решение за претстанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Дебар.

Едногласно од страна на членовите на Советот беше одлучено Советот да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Дебар за јавниот обвинител Петко Василевски.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Дебар, за јавниот обвинител Петко Василевски заклучно со 30.03.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, дека јавниот обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија г-дин Ацо Колевски на ден 11.04.2023 година, ги исполнува условите за старосна пензија, со што Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Едногласно од страна на членовите на Советот беше одлучено Советот да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ЈОРСМ за јавниот обвинител Ацо Колевски.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, за јавниот обвинител Ацо Колевски, заклучно со 11.04.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст.**

Под точката пет од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека Советот треба да донесе одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидати јавни обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, за целата територија на РСМ. Воедно предложи за членови на Комисијата да бидат г-дин Влатко Георгиевски, г-ѓа Фиданка Рајевска и г-дин Арбер Исаку.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за формирање на Комисија за подготвување на кандидатска листа за избор на кандидати јавни обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, за целата територија на РСМ, во состав: Претседател г-дин Влатко Георгиевски, г-ѓа Фиданка Рајевска и г-дин Арбер Исаку - членови**

Под точката шест од дневниот ред, Претседателот на Советот исто така кажа дека Советот треба да донесе одлука за формирање на Комисија за спроведување на избор на член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од кандидатската листа за избор на јавни обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, за целата територија на РСМ. Воедно предложи за членови на Комисијата бидат г-ѓа Јасна Жежова – Претседател, г-ѓа Душица Димитриевска – член и г-дин Иџет Мемети – член, а нивни заменици бидат г-дин Антонио Јолевски, г-дин Коле Штерјев и г-дин Арбер Исаку.

Предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за формирење на Комисија за спроведување на избор на член на Советот на јавните обвинители на РСМ, од кандидатската листа за избор на јавни обвинители припадноици на сите заедници кои не се мнозинство во РСМ, за целата територија на РСМ, во состав г-ѓа Јасна Жежова – Претседател, г-ѓа Душица Димитриевска – член и г-дин Иџет Мемети – член, а нивни заменици бидат г-дин Антонио Јолевски, г-дин Коле Штерјев и г-дин Арбер Исаку.**

Под точката седум од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека Годишниот извештај за работата на Советот за 2022 година, бил изготвуван од страна на г-дин Иџет Мемети, г-дин Влатко Георгиевски и г-ѓа Душица Димитриевска, кажа дека истиот бил поделен на членовите на Советот на запознавање по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Иџет Мемети, кој во кратки црти ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на Советот за 2022 година. Воедно истакна дека извештајот е сеопфатен и прави обид да даде одговор на работата на СЈОРСМ, за извештајната година,а имајќи ги предвид сите надлежности што ги има Советот особено за следењето на работата на јавните обвинители, изборот и разрешувањето од функцијата јавен обвинител, кадровската состојба во Јавното обвинителство, како и постапувањето по претставките.

Посебно се задржа во делот на избор и престанок на функцијата јавен обвинител при што истакна дека Советот има добри податоци за квалитетно и реално прикажување на неговата работа во овој сегмент. Воедно смета дека извештајот во овој дел е солиден. По однос на делот постапување по претставки и други предлози во општиот дел кажа дека прецизно се објаснува надлежноста на Советот визави надлежноста на јавното обвинителство во врска со вршењето на надзор. Истовремено истакна дека согласно податоците со кои располага Советот, извештајот дава јасен

одговор за постапувањето по претставки. На крај истакна дека извештајот содржи сегменти и за соработката на Советот со другите институции во земјата и надвор, неговата транспарентност при работење како и условите за работа и буџетските средства.

Откако г-дин Иџет Мемети заврши со излагањето на Годишниот извештај, збор зема член на Советот која го пофали извештајот и даде неколку технички забелешки на истиот.

Откако никој не зема збор се пристапи кон усвојување на Годишниот извештај за работата на Советот за 2022 година.

**Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Годишниот извештај за работата на Советот за 2022 година.**

Под точка Разно од дневниот ред претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со пристигнатата тужба доставена до Советот од страна на физичко лице кое тужи во Основниот суд во Прилеп. Од страна на членовите на Советот беше одлучено да се даде одговор на поднесената тужба од страна на Советот.

Под истата точка од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со поднесокот доставен од страна на Министерството за правда на РСМ, а се однесува на итно постапување од висок интерес во врска со предмети кои застаруваат во судовите и јавните обвинителства во РСМ.

Под точка разно Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, кажа дека во договор со Судскиот совет биле договорени 20% додаток на плата за членовите на Советот.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и шестата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**